Членка на EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

... има решение!

2012

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

Македонска платформа против сиромаштија (МППС )
бул.Јане Сандански бр.3А, 1000 Скопје | www.mpps.org.mk

# За нас

**Визија, мисија и цели на МППС**

## ВИЗИЈА

Визијата на МППС е општество на благосостојба, недискриминација, развој и мир.

## МИСИЈА

Мисијата на МППС е унапредување на принципите на еднаквост, солидарност, недискриминација, промоција и заштита на човековите права и слободи на сите луѓе во Република Македонија, Европа и пошироко.

## ЦЕЛИ НА МППС

Да придонесува кон намалување на сиромаштијата и поттикнување на социјалната вклученост.

Развивање на културните, економските, социјалните и други општествени вредности.

Развивање силна мрежа во борбата против сиромаштијата.

Работа со сиромашни заедници и нивно зајакнување.

Промоција на недискриминација и еднаквост за сите.

Унапредување на партиципативната демократија.

Застапување, лобирање и влијание врз јавните политики и стратегии од областа на социјалната заштита, здравствената заштита, вработувањето, сиромаштијата, социјалното вклучување, човековите права и недискриминацијата.

Подигање на свеста кај општата и стручна јавност за прашања поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост Вклучување на МППС во развиените мрежи за борба против сиромаштијата, на регионално и на европско ниво.

Вклучување на сиромашните, маргинализираните, ранливите и на дискриминираните заедници во сите процеси и нивоа на одлучување што ги засегаат нив.

Зајакнување на капацитетите на членките на МППС

Спроведување истражувања и анализи на полето на сиромаштијата, човековите права, социјалното вклучување, (не)дискриминацијата, здравствената заштита, вработувањето, образованието, како и предлагање мерки за надминување на утврдените проблеми.

## Структура на МППС

### Собрание

Највисок орган на МППС составен од претставници на сите организации членки. Собранието ги поставува насоките за сите политики на МППС и ги усвојува годишните финансиски планови и извештаи.

### Претседател

Претседателот е задолжен за претставување и застапување на МППС на надворешни средби и во целокупниот правен промет со трети лица.

**Претседател на МППС е Мила Царовска.**

### Извршен одбор

Извршно тело на МППС составено од девет члена.

Извршниот одбор ги спроведува заедничките политики и ставови утврдени од Собранието, одлучува за стекнување и располагање со средствата на МППС и е одговорен за спроведување на сите проектни активности на МППС.

**Членови на Извршниот одбор на МППС се:**

Мила Царовска
Јана Поповска
Коста Галиманоски
Владимир Илиевски
Марио Јанчев
Дивна Змејковска
Самет Скендери
Александра Коцевска
Елена Нешовска

### Секретаријат

Секретаријатот претставува извршна канцеларија за поддршка на органите на МППС.

За Секретаријат може да се номинира било која членка на Собранието на МППС.

Секретаријатот го избира Собранието на МППС со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членки. Мандатот на Секретаријатот е 4 години, со право на повторен избор.

**Секретаријатот на МППС ги врши следните работи:**

врши редовно известување на членките за активностите на МППС;

идентификува можности за финансирање на МППС;

учествува во спроведувањето на стратешкиот план, годишна програма за работа и други акти усвоени од Собрание на МППС;

учествува во подготовката и спроведувањето на проекти во интерес на членките на МППС;

ги координира активностите на членките на МППС при спроведувањето на заеднички иницијативи и проекти;

организира работни групи за поднесување на заеднички иницијативи од страна на членките на МППС;

поднесува годишен извештај за својата работа до Извршен одбор, Надзорен одбор и Собранието на МППС.

**Секретаријат на МППС е Здружението „Хуманост“ од Скопје.**

## Работни групи

Работните групи се формирани во рамките на следните приоритетни области на делување на МППС:

Човекови права и недискриминација,
Економски развој и социјална вклученост,
Образование,
Жени и родова еднаквост,
Деца и млади,
Роми и етнички малцинства,
Домување,
Здравство,
Стари лица,
Лица со посебни потреби,
Институционален развој.

Работните групи претставуваат форуми за размена на знаења, мислења и ставови, како и форми на соработка помеѓу членките на МППС за адресирање и решавање на прашања од заеднички интерес.

Основна цел на работните групи е обезбедување експертска поддршка на Извршниот одбор во подготовка на предлог-проекти од заеднички интерес на членките на МППС. Работните групи имаат флексибилна структура и начин на делување, што дозволува формирање ад хок работни подгрупи за адресирање и решавање на посебни прашања во рамките на горенаведените приоритетни области на делување на МППС. Предвидено е работните групи да одржуваат редовни состаноци според однапред утврдена динамика, а по потреба да можат да комуницираат и по пат на електронска пошта или друг вид на интернет комуникација.

# Реализирани проекти 2012

## Емоцијално јакнење на жени-жртви на семејно насилство

Комерцијална банка во соработка со Македонската платформа за борба против сиромаштијата од септември 2011 до септември 2012 го реализираше проектот„Емоцијално јакнење на жените-жртви на семејно насилство“. Во ранки на овој проект се ангажираа два психотерапевта, кој во период од една година, работеа на емоционално зајакнување на жртвите од семејно насилство.

Резултатите добиени во текот на спроведената ресоцијализација и истражување ќе бидат добар показател за идните потреби и ангажмани на бизнис секторот во обебзедување поизвесна иднина за жртвите на семејно насилство.

Проекто ќе продолжи со реализација и во 2013 година.

комерцијална банка ад скопје




**<u>Годишниот Извештај за сиромаштија и социјална исклученост во Р.М за 2011 година</u>.**

Процесот на подготовка на Годишниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост (2011), беше поддржан од Институтот за човекови права ‘’Лудвиг Болцман’ - Истражувачка асоцијација Скопје (БИМ-ФВ).

Годишниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост 2011 имаше за цел да направи процена и анализа на политиките, трендовите и предизвиците и состојбата на ранливите групи во доменот на сиромаштија и социјална исклученост, согледана во различни региони во Македонија.

Во фокусот на извештајот се следниве општини:

Штип (Источен регион),
Струга (Југозападен регион),
Струмица (Југоисточен регион),
Прилеп (Пелагониски регион),
Гостивар (Полошки регион),
Куманово (Североисточен регион),
Велес (Источен регион) и
Кисела Вода (Скопски регион).

Во подготовката на Извештајот преку експертски интервјуа беа опфатени претставници на: Локалната самоуправа (комисиите за социјална и детска заштита), претставници на Центрите за вработување, претставници на Центрите за социјална работа (одделот за социјална парична помош).

Годишните извештаи  претставуваат редовна активност на МППС

Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights (BIM - FV)

Austrian Development Cooperation




## МАПИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПОТРЕБИ НА ЛОКАЛНО НИВО

**Македонската платформа против сиромаштија со финансиска поддршка од Институтот за човекови права Лудвиг Болцман од Скопје во периодот од Јуни до Октомври 2012 го спроведе проектот:Мапирање на социјалните потреби на локално ниво.**
**Општа цел на проектот беше дас е направи проценка на социјалните потреби и проблеми на осиромашените и социјално исклучените групи граѓани во следниве општини: Гази Баба, Кочани, Св. Николе, Битола и Тетово.**

**Публикацијата можете да ја најдете нашата веб страна.**

Ludwig Boltzmann
Institute of Human Rights
(BIM - FV)

Austrian
Development Cooperation

## „МИНИМАЛЕН ДОСТОИНСТВЕН ПРИХОД“

Проектот „Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес“ кој го спроведува Националниот демократски институт (НДИ), ја вклучи Македонската платформа против сиромаштија (МППС) како партнерска организација. Во проектот се вклучени вкупно седум организации и секоја има задача да подготви и спроведе една законска иницијатива поврзана со индивидуалниот фокус на делување.

Тргнувајќи од својата основна определба, намалување на сиромаштијата, МППС се одлучи за иницијативата „Минимален достоинствен приход“ и веќе активно и посветено работи на неа.

До крајот на проектот планирано е да се реализираат следниве активности:

Избор на осум локални соработници

Организирање на фокус групи во месец декември за одредување на индикаторите за Минимален достоинствен приход во следниве општини: Скопје, Битола, Прилеп, Тетово, Св.Николе, Струмица, Берово и Неготино

Изработка на видео со сведоштва и приказни од ранливи групи на граѓани

Подготовка на анализа од спроведените осум фокус групи

Организирање на јавна дебата со претставници од Европската мрежа за борба против сиромаштија и претставници од сите политичките партии во Република Македонија.

Вклучувањето во проектот и работата на иницијативата се срдечно поздравени од Европската мрежа пртив сиромаштија (ЕАПН) и е добиена силна поддршка за периодот кој следи.

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# Активности 2012

## Обуки „Активно граѓанство,граѓанско учество и мониторинг на буџети на локално ниво“

**Институтот за човекови права Лудвиг Болцман (БИМ-ФВ Скопје)** во соработка со **Македонската платформа против сиромаштија**, во перод од Февруари до Март 2012 организираа седум дводневни обуки на тема **„Активно граѓанство,граѓанско учество и мониторинг на буџети на локално ниво“**, во следниве општини:

> **Неготино** (23 - 24.02.2012)
> **Берово** (22 - 23.02.2012)
> **Радовиш** (12 – 13.03.2012)
> **Конче** (14 – 15.03.2012)
> **Пехчево** (20 – 21.03.2012)
> **Чашка** (22 – 23.03.2012)
> **Студеничани** (28 – 29.03.2012)

На обуките имаа можност да присуствуваат претставници од локалните невладини организации, претставници од општините и сите заинтересирани граѓани.

Целта на обуката беше учесниците& од горенаведените општини да се здобијат со основни познавања со:

Човекови права и примена на пристапот заснован на човековите права
Активно граѓанство и граѓанско учество
Мониторинг на буџети на локално ниво

**Активности**:

Запознавање со човековите права

Запознавање со начините и можностите за поттикнување на граѓанскиот активизам и можноста на граѓаните да се вклучат во процесот на донесување на одлуки

Како граѓаните да се мобилизираат и на полесен начин можат да ги решат проблемите во својата општина

Запознавање со мониторинг на буџетот заснован врз принципот на човекови права и што претставува истиот

Преглед кон општинските документи,општинскиот буџет и буџетскиот календар се со цел, граѓаните се здобијат со повеќе знаење во однос на можноста да бидат вклучени во процесот на креирање на општинскиот буџет

Работилници за приоритетните проблеми на граѓаните и можности за нивно решавање






**Обука ‘’Застапување и лобирање’’**

Институтот за човекови права Лудвиг Болцман (БИМ-ФВ Скопје) во соработка со Македонската платформа против сиромаштија, организираше дводневна обука на тема: ‘’Застапување и лобирање’’.

Целта на обуката е запознавање на учесниците со застапувањето и лобирањето како битни компоненти за успешно вклучување во процесите на подготовка на законите како и начините и формите како да се подготви и поддржи успешна иницијатива за одредена политика/закон и нивно изменување или дополнување.

Обуката се спроведе на 28 и 29 мај 2012 во Хотле Порта.

Ludwig Boltzmann
Institute of Human Rights
(BIM - FV)

Austrian
Development Cooperation



**11-та Европската Средба на луѓето кои живеат во сиромаштијата**

МППС присуствуваше на 11-та Европската средба на луѓето кои живеат во сиромаштијата која се одржа во Егмонт палата во Брисел на **10 и 11 мај** на тема **"Бездомништвото и домувањето во контекст на кризата"**.
Состанок оваа година беше фокусирана на три клучни прашања:

Во однос на бездомништво и право на домување кои се клучните разлики кои може да се види во 2012 година во споредба со 2008 година.

Од искуството на делегатите и подготовка за работа на состанокот што се "добри и лоши практики" во однос на решавање на бездомништво и право на домување кои се идентификувани.

Креирање на политики за решавање на бездомништво и станови кои се прилагодени на различните потреби и реалностите на разни поединци и заедници и може да се обезбеди еднаквост во пристапот до бездомници услуги и домување.
На средбата се собраа повеќе од 150 луѓе со директно искуство на сиромаштијата и бездомништвото од 30 европски земји да разменат ставови за овие прашања со ЕУ и националните донесување на одлуки.

Македонската делегација преку видео запис ја претстави сликата на бездомните лица во Македонија. Видео записот може да го погледнете и на линкот: **http://www.youtube.com/watch?v=NjUq5xdqiZk**
На овој состанок покрај претставникот на МППС Мери Теризева Павловска писуствуваа и двајца улични артисти Ице Панов и Мите Стојановски.

Македонската делегација исто така присуствуваше и на уличната акција  која се одржа на 10-ти Мај каде што сите делагати на 30 Еропски земји им покажаа црвен картон на лидерите на ЕУ повикувајќи на право на домување,превземање мерки за да се стави крај на бездомништвото.



**Генерално собрание на ЕАПН**

Претседателот на МППС, Мила Царовска и претставник од Генерелниот секретаријат на МППС, Мери Терзиева Павловска учествуваа на Генералното собрание на ЕАПН од 07.06 до 09.06 2012 година во Осло, Норвешка.

Претставниците од МППС организираа и Македонска вечер.





**Обука - „Мапирање на социјалните потреби на локално ниво“**

На 29.06.2012 година во Хотел Порта, Скопје се одржа обуката на избраните локални координатори и анкетарите во рамки на проектот **„Мапирање на социјалните потреби на локално ниво“** каде што се рагледаа анкетните прашалници за домаќинставата и институциите во општините опфатени со овој проект и исто така беше дефинирана и методологијата на работа за времетраење на проектот.





**Генералното собрание на Македонската платформа против сиромаштија**

Македонската платформа против сиромаштијата на 6 и 7 Јули во Хотел Дрим, Струга го одржа редовното Генерално собрание.
На редовното Генерално собрание беа опфатени следниве активности:

1. Годишен извештај за работата на МППС за период од Јули 2011 до Јули 2012.
2. Финасиски извештај на МППС за 2011 година
3. Усвојување на предлог Статутот на МППС
4. Претставување на стратегијата ЕУ 2020 од Афердита Х. Имери,експерт за социјална инклузија
5. Изгласани се за прием 26 нови членки на МППС и тоа :

Здружение „Стар-Стар“ Скопје,
Здружение на мултиетничко општество за човекови права Штип,
Универзитет трето доба - Скопје,
Организација на жени на општина Пехчево.
Ромски центар „Састипе-Здравје“ - Берово,
Здружение „КХАМ“ - Делчево,
Здружение „Мир“ - Скопје,
Здружение на студенти и младинци со хендикеп - Скопје,
Здружение „Доверба“ - Куманово
Здружение на невработени лица „Македонија“ - Скопје,
Организација на жени на општина Центар - ОЖОЦ Скопје,
Здружение Регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака наша“ - Куманово,

Здружение на инвалиди на трудот Радовиш,

Здружение „Прогресив медиа“ - Скопје,

Здружение на граѓани за третман на лица со аутизам АДХМ и Аспергеров синдром „Во мојот свет“ - Скопје,

Организација на жени „Деница“ - Радовиш,

Здружение за активно живеење „Опускула“ - Скопје,

Здружение за еманципација, социјализација, ресоцијализација, здраствена,психосоцијална помош и човекови права на граѓаните „Продолжен живот“ - Струмица,

Републички центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака“ - Скопје,

Здружение на граѓани за лица со дисфункција, хендикеп, ретки болести и посебни потреби „Дајте ни крилја“ - Скопје,

Здружение за зелено општество „Гринер“ - Скопје,

Младински образовен форум „МОФ“ - Скопје

Центар за едукација, заштита на животната средина и природа „Биосфера“ - Битола,

Здружение за унапредување на превенцијата, третманот и социјално вклучување на лица кои употребуваат дроги и други психоактивни супстанци „Доверба“ - Скопје,

Здружение „Гаиа“ - Штип,

Младинска организација-Здружение за општествена акција, едукација и превентива (ЕАСП) - Скопје и Прилеп,

Младинска културна асоцијација на Бошњаците во Р.Македонија - Шадрван

**6. Избрани двајца нови членови на Извршен одбор на МППС ( Владимир Илиевски и Дивна Змејковска) за замена**

**7. Избор на Претседател на МППС ( Мила Царовска)**

**8. Изгласана работната програма 2012 - 2015 година со оперативен план.**



**Јавна поддршка на граѓанската иницијатива АМАН**

Македонската платформа против сиромаштија (МППС), од септември 2012 ја даде својата јавна поддршка на протестите против поскапувањата, кои се организирани од граѓанската иницијатива АМАН.

За МППС во која членуваат 69 здруженија на граѓани, барањата на граѓанската иницијатива АМАН се легитимни а воедно и издржани и со таа причина ги повикуваме сите наши членки и граѓани на Република Македонија, да се приклучат на протестите организирани од Г.И АМАН секој Вторник во 18:00 часот пред регулаторна комисија и да ја дадат својата поддршка.

МППС сојуз на 69 здруженија на граѓани кои се здружени делејќи ја истата визија и мисија, а тоа е промовирање на социјалната еднаквост и правда, парципативна демократија, граѓанска солидарност, недискриминација, општество на благосостојба и мир, а нашата главна цел е намалувањето на сиромаштијата и социјлната исклученост кај марганилизираните и ранливите групи на граѓани.

МППС го застапува гласот на безгласните и со новиот бран на поскапување се влијае директно на ранливите групи на граѓани и дополнително ги осиромашува, со што се соочуваме со косење на нашата визија, мисија и цели, и е причина и наше оправдување за давање на ова јавна поддршка.





## Втора конференција на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост

Втората конференција на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална ислкученост со поддршка на Институтот за човекови права Лудвиг Болцман и Австриската развојна соработка ( АДА) се одржа во Хотел Порта на 29.09.2012 во Скопје. На Втората конференција присуствуваа 150 учесници споделувајќи ги своите искуства во една од четирите групи:

- Социјална заштита
- Здраствена заштита
- Невработеност
- Родова еднаквост

Секоја од групите имаше координатор кој што предходно беше избран од страна на МППС и Институтот за човекови права Лудвиг Болцман.

Целта на оваа конференција беше ревизија и дополнување на Декларацијата донесена на Првата конференција на лица кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост која се одржа во 2011 година и беше креирана од 120 учесници на оваа конференција и истата беше предадена на Министерството за труд и социјална политика.

Специфичните барања во самата Декларација беа насочени кон спроведување на усвоените национални стратегии на координиран и ефикасен начин, обезбедување на подобри и подостоинствени услови за живот на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост, преземање на одлучни чекори во реформирањето на националните политики и законодавство кои само ги зголемуваат постоечките предизвици со кои се соочуваат ранливите и маргинализирани социјални групи, како и следење на моделот на ЕУ за користење на благодетите кои ги нуди едно социјално инклузивно општество.

Оваа година на конференцијата присуствуваше и Јасмина Круниќ претставник од Српската платформа против сиромаштија исто така членка на Европската платформа против сиромаштија( ЕАПН)

**ВИДЕО** прв дел **> http://youtu.be/XVRpO30OvOE**

**ВИДЕО** втор дел **> http://youtu.be/xNgaBicbbiI**




**Хуманитарен јавен настан „Од сиромашни за сиромашни“**

Во вториот дел од конференцијата беше организиран хуманитарен јавен настан „ Од сиромашни за сиромашни“ кој се одржа на плоштад Македонија од 18:00 до 22:00 часот во соработка со уличните уметници и артисти.

На овој хуманитрен јавен настан беа собрани 11.002 денари и беа донирани на организацијата Лице в Лице за јакнење на капацитетите на лицата кои го продаваат уличното списание Лице в Лице, а се од марганилизираните групи.

Повеќе информации на : **http://www.liceulice.org/**

**ВИДЕО > http://youtu.be/jGs6jCPDAz8**



**Промоција на Годишниот Извештај за сиромаштија и социјална исклученост во Р.М за 2011 година.**

**Промоцијата на Годишниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост, се одржа на 16.10.2012 година во просториите на ЕУ Инфо центарот во Скопје, со почеток во 11ч.**

Процесот на подготовка на Годишниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост (2011), беше поддржан од Институтот за човекови права ''Лудвиг Болцман' - Истражувачка асоцијација Скопје (БИМ-ФВ).

Годишниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост 2011 имаше за цел да направи процена и анализа на политиките, трендовите и предизвиците и состојбата на ранливите групи во доменот на сиромаштија и социјална исклученост, согледана во различни региони во Македонија.

Во фокусот на извештајот се следниве општини:

Штип (Источен регион),
Струга (Југозападен регион),
Струмица (Југоисточен регион),
Прилеп (Пелагониски регион),
Гостивар (Полошки регион),
Куманово (Североисточен регион),
Велес (Источен регион) и
Кисела Вода (Скопски регион).

Во подготовката на Извештајот преку експертски интервјуа беа опфатени претставници на: Локалната самоуправа (комисиите за социјална и детска заштита), претставници на Центрите за вработување, претставници на Центрите за социјална работа (одделот за социјална парична помош).



**Обука –„Јавно буџетирање“**

Институтот за човекови права Лудвиг Болцман (БИМ-ФВ Скопје) во соработка со Македонската платформа против сиромаштија (МППС), на 20 и 21 Ноември 2012 организираа дво-дневна обука на тема Јавно Буџетирање.

Целта на обуката беше учесниците да се здобијат со основни познавања на следните теми:

Вовед во алатки за креирање политики

Јавна политика и процес на креирање политики

Анализа на политики и анализа од родов аспект

Родово сензитивни статистики и родови индикатори

Буџетирање и родово одговорно буџетирање

Мониторинг на имплементација на политиките

Мониторинг на извршувањето на буџетирањето

Обуката ја испорача:

Марија Ристеска од Центарот за истражување и креирање на политики (ЦРПМ) Скопје.

## „МИНИМАЛЕН ДОСТОИНСТВЕН ПРИХОД“

Во месец декември 2012 година во рамки на законодавната иницијатива Минимален достоинствен приход, дел од проектот „Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес“ кој го спроведува Националниот демократски институт (НДИ), се спроведоа осум фокус групиза одредување на индикаторите за МДП во следниве општини:

- Скопје,
- Битола,
- Прилеп,
- Тетово,
- Св.Николе,
- Струмица,
- Берово
- Неготино

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

## „Играта продолжува...“

Македонската платформа против сиромаштија (МППС), иницирана од Здружение за зелено општество – Гринер, членка на платформата, во месец декември реализираше акција за собирање на употребени играчки (и боички, боенки, книги или украси за деца) и нивна донација на деца кои живеат во сиромаштија или се социјално исклучени.

Здружението за зелено општество – Гринер го промовира зеленото живеење и чувствуваше обврска да укаже на можностите кои ги нуди одговорното управување со отпад и како истото може да придонесе во намалувањето на сиромаштијата. Проблемот на детската сиромаштија и неможноста на голем број на семејства да ги задоволат основните животни потреби, а за секундарни потреби (како што се играчките) воопшто не станува збор, е идентификуван во досегашната работа на МППС. Затоа МППС целосно ја поддржа акцијата преку мобилизирање на своите членки, идентификување на семејства кои живеат во сиромаштија и логистичка поддршка на реализираните активности.

Акцијата се одвиваше под мотото „Играта продолжува ...“ и апелираше за поддршка во напорите за реупотреба на ресурсите и продолжување на употребниот век на детските играчки[1], притоа развивајќи чувство за одговорност кон животната средина и општеството. „Играта продолжува ...“ се одвиваше во неколку фази:

- 10-14.12.2012 – подготвителни активности и информирање за акцијата
- 14-16.12.2012 – отворен собирен пункт во Дом на АРМ во Скопје, во рамките на детскиот креативен фестивал „Наш мал фестивал“
- 17-21.12.2012 – собирање играчки во основните училишта и градинките во општините Аеродром и Гази баба во Скопје и во градовите Струмица, Битола и Тетово и на отворени пунктови во Скопје
- 22-26.12.2012 – собирање играчки на организирани настани на фрекфентни локации во Битола, Скопје и Струмица
- 26-30.12.2012 – донирање играчките

Граѓаните беа воодушевени од акцијата и несебично донираа. Донираа баби од своите внуци, родители заедно со своите деца, донираа и децата за непознатите другарчиња. Успеавме да привлечеме и поддржувачи, други граѓански организации кои ги мотивираа своите членови да донираат.

Сите собрани предмети беа класифицирани според соодветноста за одредена возраст, беа испрани (или исчистени), а потоа спакувани во мали ранчиња и картонски кутии за безбеден транспорт. Конечно, беа подготвени и подарени околу 500 пакети поделени во горенаведените општини и исто така беа испратени пакетчиња во СВ.Николе , Берово и доделени 50 пакетчиња на Црвен крст. Интересно е да се спомене дека регрутиравме поддржувачи и во редот на бизнис зедницата, кои ја збогатија акцијата со донации во слатки, облека и новогодишни украси, а и малите ранчиња и кутиите беа донација од приватни компании.

И медиумите покажаа огромен интерес и за целото времетраење за покриваа акцијата. Можеме да се пофалиме со објави на преку 20 различни медиуми, учество во програми на национална телевизија и национално радио, како и поддршка од локални медиуми.

За крај сакаме да ја назначиме потребата која ја истакнаа граѓаните слични, хуманитарни, акции да се случуваат почесто и во различни градови на земјата, како потреба која произлегува од се поголемата сиромаштија која владее, но и како мерка за намалување на зголемениот број на кражби кои се случуваат за преживување.

## Биланс на приходи и расходи од 01.01.2012 до 31.12.2012

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I. РАСХОДИ<br>МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210 )<br>9 | 201 | | |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | | |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | | |
| 3. | Други услуги | 204 | | |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | | |
| 5. | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | | |
| 6. | Амортизација | 207 | | |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | |
| 8. | Наемнини | 209 | | |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | | |
| | ДРУГИ РАСХОДИ ( 212 до 221) | 211 | 307934 | 748508 |
| 10. | Провизија за платниот промет | 212 | 5121 | 4206 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | | |
| 13. | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | | |
| 14. | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Негативни курсни разлики | 217 | | |
| 16. | Членарини | 218 | | |
| 17. | Други расходи | 219 | 302813 | 744302 |
| 18. | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| 19. | Пренесени средства | 221 | | |
| | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА<br><br>( 223 +224+225) | 222 | | |
| 20. | а) Средства за градежни објекти | 223 | | |
| 21. | б)Средства за опрема | 224 | | |
| 22. | в)Други капитални средства | 225 | | |
| | ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ<br><br>(227+ 228 +229) | 226 | 145397 | 20002 |
| 23. | а) Помошти, донации и други даванја на правни субјекти | 227 | | |
| 24. | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | 60112 | 20002 |
| 25. | в) Други помошти и давања | 229 | 85285 | |
| | ПЛАТИ И НАДОМЕСТ НА ПЛАТИ<br><br>(231 + 232) | 230 | 49120 | |
| 26. | а) Вкалкулирани плати | 231 | 49120 | |
| 27. | б) Вкалкулирани надомести | 232 | | |
| 28. | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | | | 3491 |
| 29. | Вонредни расходи | 234 | | 726 |
| | ВКУПНО РАСХОДИ | 235 | 502451 | 772727 |
| 30. | Остварен вишок на приходи- -добивка пред оданочување (250 | | 115063 | |
| 31. | Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 237 | | |
| 32. | Остварен нето вишок - добивка по оданочувањето ( 236 минус 237) | | 115063 | 28651 |
| 33. | Вкупно ( 235 + 236) или ( 235 + 237) ако 237 е поголемо од 236 = 252 | | 617514 | 801378 |
| | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ | | | |
| 34. | Приходи од продажбата на производи и стоки | | | |
| 35. | Приходи од услуги | 242 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 36. | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 243 | 194 | 107 |
| 37. | Приходи од чланарини, подароци,<br><br>Донации и приходи од други извори | 244 | 503620 | 686208 |
| 38. | Приходи од кирии и закупнини | 245 | | |
| 39. | Сопствени приходи | 246 | | |
| 40. | Други приходи | 247 | | |
| 41. | Пренесен дел од вишокот на приходите од предходна година | 248 | 113700 | 115063 |
| 42. | Вонредни приходи | 249 | | |
| | ВКУПНО ПРИХОДИ<br><br>( 240+ 243+ 244+ 245+246 +247+248 +249) | 250 | 617514 | 801378 |
| 43. | Непокриени расходи (235 минус 250) | 251 | | |
| | ВКУПНО (250 + 251) = 239 | 252 | 617514 | 801378 |

**Македонска платформа против сиромаштија ( МППС )**

**бул. Јане Сандански бр. 3А, 1000 Скопје**

**тел/факс: + 389 2 2455 277**

**www.mpps.org.mk**